*УПАТСТВО ЗА ПОЛАГАЊЕ НА ТЕСТОТ*

Тестот ќе содржи **100 прашања** и може да се освојат максимум **100 бода.** Секое прашање ќе содржи **5 понудени одговори**, од кои: **Точниот одговор на секое прашање се бодува со 1 бод, два одговори кои се неточни, а се слични на точниот одговор, се бодуваат со 0 бодови, одговорот кој не е точен во мал обем, се бодува со -0,5 бод, додека одговорот кој не е точен во голем обем, се бодува со -1 бод,** при што секое одделно прашање од тестот може да се одговори со селектирање на само еден од петте понудени одговори.

Квалификацискиот тест се оценува со оценка од **„1" до „10"** а оценката се добива на начин што **бројот на освоени бодови (максимум 100) се дели со 10.**

**Се смета дека пријавеното лице кое добило оценка „4.00" или пониска оценка на квалификацискиот тест, не го положило квалификацискиот тест и нема право да го полага психолошкиот тест, тестот за интегритет и испитот.**

При завршување на тестот ќе добиете покрај резултат со број на освоени бодови и ПОЛОЖИЛ/НЕ ПОЛОЖИЛ:

0 бода-40 бода- НЕ ПОЛОЖИЛ / 40,5 бода-100 бода- ПОЛОЖИЛ

Со оглед на тоа што секој дел од испитот е елиминаторен, за да се стекнете со право понатаму да го полагате **психолошкиот тест**, потребно е на овој тест да добиете резултат ПОЛОЖИЛ.

За полагање на тестот ќе имате на располагање **200 минути**, и по истекот на 200-та минута автоматски завршува полагањето, доколку претходно не сте го завршиле сами со кликање на КРАЈ НА ТЕСТОТ. Времето што ќе ви биде на располагање за решавање на тестот постојано ќе ви биде прикажано во горниот десен агол на екранот.

На прашањата не мора да одговарате по ред, можете и во текот на полагањето да се навраќате и менувате одговор на веќе одговорено прашање, се до моментот на завршување на тестот/истекот на 200-те минути.

**Неодговорените прашања се бодираат со -1 бод!**

НАПОМЕНА: За време на тестот не смеете да користите било какви електронски средства за комуникација или пак друг вид на помагала, претходно подготвени предмети, правни документи, принтан материјал или било кој друг извор на информации. Препишување е најстрого забрането, како и контактирање со други лица, освен доколку имате технички проблем со компјутерот при што може да го повикате само информатичарот. За време на полагањето не смеете да ја напуштате просторијата, пред завршување на тестот. Доколку постапите спротивно на укажаното, ќе бидете отстранети од полагањето, Вашиот тест ќе биде поништен и нема да биде предмет на понатамошно разгледување од страна на Комисијата.

***Ви посакуваме многу успех!***